Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 31.08.2023

Денеска (31.08.2023) полициски службеници од СВР Скопје- Единица за недозволена трговија, по претходно добиени оперативни сознанија и наредба за претрес од Основен кривичен суд Скопје, извршиле претрес во дом кај Д.Ц. (38) во с. Добри До, општина Сопиште. При претресот пронајдени се четири кеси со околу четири килограми марихуана, вредна околу 20.000 евра. Д.Ц. е лишен од слобода и задржан во полициска станица и против него по документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава по брз постапка.

На 30.08.2023 полициски службеници од СВР Скопје привеле 16-годишен малолетник поради основано сомнение дека извршил кривично дело разбојништво во обид на 28.08.2023 околу 20.30 часот кога во тровски центар на подрачје Центар, заедно со уште едно лице со остар предмет нападнале тројца малолетници од Скопје и им нанеле повреди. Против малолетникот е поднесена кривична пријава по брз постапка до ОЈО Скопје.

На 30.08.2023 во 17.55 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници го лишиле од слобода М.С.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.08.2023 во 01.20 часот на подрачје на Чаир, полициски службеници го лишиле од слобода А.И.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.08.2023 во 01.00 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода Г.Б.(37) од Косово затоа што по извршена проверка било констатирано дека евидира во службената евиденција со мерка „алски" по барање на Секторот за меѓународна полициска соработка- Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 236 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 46 санкции, 22 мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се 10 санкции за користење на мобилен телефон при возење, 11 мерки за некористење на сигурносен појас, седум санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло....

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (30.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 96 возачи, меѓу кои 30 мерки за возење повеќе од дозволената брзина и тоа 20 во населено место и 10 надвор од населено место, 23 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за непрописно паркирање. Изречени се две санкции за користење на мобилен телефон при возење, две мерки за некористење на сигурносен појас, седум санкции за управување под дејство на алкохол....

На 30.08.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со бројна поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 11 прекршоци, да кои 4 надвор од населено место и 7 во населено место. Санкционирани биле и 40 други видови на прекршоци, од кои, 9 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 2 за нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило, 4 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 5 за некористење заштитна каџа, 12 за непрописно паркирање и 1 за непрописно вградени фолии.

На 30.08.2023 околу 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено на бул.„Борис Трајковски" во Скопје, патничко возило „алфа ромео" со скопски регистарски ознаки удрило во малолетничка од Скопје, по што возачот го напуштил местото. Малолетничката била пренесена во Комплексот клиники „Мајка Тереза" каде и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот. Приведени се осомничени лица во врска со настанот.

На 30.08.2023 во 14.15 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.Т.(61) од Скопје пријавил дека на ул.„Јани Лукревски" бил каснат од куче скитник.

На 30.08.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Драчево, Н.Т.(70) од Скопје пријавила дека на подрачје на Драчево била касната од куче скитник.

На 30.08.2023 во СВР Битола, М.Ј.(61) од Битола пријавил дека во с.Кукуречани бил каснат од куче скитник.

На 30.08.2023 во ОВР Прилеп, К.Г.(61) од Прилеп пријавил дека во населба „Точила" во Прилеп бил каснат од куче скитник.

Денеска (31.08) околу 08.10 часот полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција- Сектор за недозволена трговија со дрога и оружје и Специјалната антитерористичка единица „Тигар" го приведоа С.А. (34) од Арачиново, кој избегал од затворот КПУ „Идризово", а е осуден на затворска казна од 12 години поради извршено кривично дело убиство. На автопатот „Пријателство", по претходно добиени оперативни сознанија, сопрено е возило „Форд", управувано од Б.Р. (47) од Арачиново, кој е исто така осудено лице што издржува казна затвор во КПУ Идризово, но бил ангажиран да работи надвор од затворот. Во возилото како сопатник бил С.А., кој е приведен и ќе биде предаден на КПУ „Идризово". Известен е јавен обвинител и Одделот за суб

На 30.08.2023 во 12.40 часот, полициски службеници од ОВР Кратово го лишиле од слобода Д.М.(38) од Кратово. Тој бил баран врз основа на наредба од Основен суд Кратово за издржување на затворска казна од една година за сторено кривично дело по член 131 став 1 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Куманово за издржување на казната.

На 30.08.2023 во ОВР Прилеп, Ј.М.(61) од Прилеп пријавила дека во населба „Варош" во Прилеп била касната од куче скитник.

На 30.08.2023 во ОВР Прилеп, К.Г.(45) од Прилеп пријавила дека на ул.„Ладо Лапеџот" во Прилеп била касната од куче скитник..

Денеска (31.08.2023) во 07.20 часот во СВР Тетово – ОВР Гостивар, 50-годишниот Б.А. од гостиварски Добридол, пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 30.08.2023 во ОВР Прилеп И.К.(30) пријавила дека на ул.„Мирче Наџеднов" во Прилеп била касната од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против И.Е.(22) од Шуто Оризари – Скопје поради постоење основи на сомнение поради сторено кривично дело „тешка кражба". На 12.08.2023 во Струмица, пријавениот одлел нахит од 3.1. од с.Василево, струмичко.

Денеска (31.08.2023) околу 10.30 часот во тетовско Долно Седларце, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода 53-годишниот Т.Б. од Штип. Тој се сомничи дека во периодот од 20 јуни годинава досега извршил пет кражби во цркви во општина Јегуновце. Со употреба на сила влегувал во објектите и најчесто одземал пари. Кај него биле пронајдени и одземени разновиден алат што го користел при извршување на кривичните дела. Т.Б. е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе биде изготвена соодветна кривична пријава.

На 30.08.2023, по преземени мерки и активности, полициски службеници од Единицата за населен криминал при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ј.(21) од Скопје. Тој се сомничи дека на 18.08.2023 на ул.„Скупи" во Скопје, физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (30.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со бројна поголема од дозволената, при што санкционирани се 209 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час. Притоа, 93 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 116 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (30.08.2023) во периодот од 07.00 до 12.00 часот спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци на возила со кои се врши јавен превоз на патници. При контролата санкционирани се 40 прекршоци, од кои 14 поради неисправен уред за запирање... Упатени на вонреден технички преглед биле 172 автобуси и други возила кои вршат јавен превоз на патници. За време на контролата констатирани и законски санкционирани се и 115 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 30.08.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје, К.К.(36) од Скопје пријавила дека на 29.08.2023 околу 14.30 часот во фирма на подрачје на Гази баба во Скопје, поради неправилности деловни односи, едно лице и се закканило со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.08.2023 во 18.35 часот во СВР Скопје, од Итна медицинска помош било пријавено дека на ул.„Самуилова" имало повредено лице од остар предмет. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека, по претходна расправија, неколку лица го нападнале Е.М.(49), К.И.(71) и Р.А.(60), сите од Скопје, при што со остар предмет му нанеле повреди на Е.М., а со метален предмет го нападнале К.И. и Р.А.. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 30.08.2023 во 21.42 часот во СВР Скопје, Г.Ц.(46) од Скопје пријавил дека на подрачје на општина Аеродром било опожарено неговото патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки. Според пријавеното, тој самиот го изгаснал пожарот. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за прекугранично криминал, странци и readmisija Куманово поднесе кривична пријава против М.А.(28) од Студеничани, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 27.08.2023 на автопатот Скопје – Куманово, пријавениот со патничко возило „ауди" со шавајцарски национални ознаки превезувал пет лица мигранти од Сирија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.К.(54) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Во периодот од 10.08. до 19.10.2022, пријавениот управувал патничко возило „цитроен берлинго" сопственост на правно лице од Скопје, каде што работел. Притоа, тој противправно го присвоил возилото кое му било доверено на користење без да ги извести овластените лица во правниот субјект.

На 30.08.2023 во 22.34 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачје на општина Центар, две лица со закана кон вработената одделе пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.08.2023 во 21.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Делчево го лишиле од слобода Т.Ј.(60) од с.Грсино, виничко. Тој се сомничи дека претходно дојурал по телото 26 - годишна германска државјанка. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.Л.(39) од Гостивар поради постоење основи на сомнение сторено кривично дело „телесна повреда при вршење семејно насилство". Пријавениот, на 17.08.2023 во семејниот дом физички ја нападнал сојузта сопругата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.Ц.(37), Д.Л.А.(56), Д.Л.Р.(19), сите од Италија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконит лов" и против А.Н.(60) од Република Албанија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". На 12.12.2022, првите тројца пријавени биле затекнати како се движат во теренско возило со италијански национални ознаки на патот над с.Гуребевите кој води кон каналот Шарски води. Притоа, во возилото биле затекнати три ловечки кучиња, а биле пронајдени и одземени две ловечки пушки и муниција и било констатирано дека се работи за незаконит лов на територијата на национа

На 30.08.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Д.(63) од с.Љуботен, скопско, пријавила дека на 29.08.2023 околу 15.00 часот на подрачје на Чаир, по претходна расправија, била физички нападната од И.Н. од с.Љуботен. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.08.2023 во Полициската станица Кисела Вода, од Градска општа болница „Св.Наум Охридски" бил пријавено дека кај них со тешки телесни повреди бил донесен С.С.(34) од с.Горно Сонье, скопско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување градежни работи на објект во изградба во с.Горно Сонье. Увид бил извршен.

На 30.08.2023 во Полициската станица Чаир било пријавено дека во 16.30 часот на подрачје на Бутел бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.М. (20) и В.М.(71), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.08.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.С.(28) од Скопје пријавил дека на 30.08.2023 околу 17.30 часот на подрачје на Кисела Вода бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.08.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Драчево, И.Д.(78) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека од домот се оддалечила Н.Ф.(27) од с.Студеничани, Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 e-mouta: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет